# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДРУГИТЕ

**Сл.Весник на Р.Македонија бр.84 од 03.10.2005 година**

**Член 1**

Во Законот за задругите („Службен весник на Република Македонија" број 54/2002), во членот 5 став 4 зборовите: „судскиот регистар" се заменуваат со зборовите: „регистарот на други правни лица кој го води Централниот регистар на Република Македонија".

**Член 2**

Насловот пред членот 7 се менува и гласи:
„Упис во Регистарот на други правни лица".
Во членот 7 зборовите: „судскиот регистар" се заменуваат со зборовите: „регистарот на други правни лица кој го води Централниот регистар на Република Македонија".
Во ставот 2 зборовите: "упис и" се бришат.
Ставот 6 се брише.

**Член 3**

Во членот 8 став 1 зборовите: „судскиот регистар" се заменуваат со зборовите: „регистарот на други правни лица кој го води Централниот регистар на Република Македонија". Зборовите: "во "Службен весник на Република Македонија"", односно зборовите: "Во "Службениот весник на Република Македонија"" се заменуваат со зборовите: "на веб страницата на Централниот регистар на Република Македонија", односно со зборовите: "На веб страницата на Централниот регистар на Република Македонија".
Во ставот 2 зборовите: „судскиот регистар" се заменуваат со зборовите: „регистарот на други правни лица кој го води Централниот регистар на Република Македонија", а зборовите: "во "Службениот весник на Република Македонија"", се заменуваат со зборовите: "на веб страницата на Централниот регистар на Република Македонија".

**Член 4**

Во членовите 9 ставови 2 и 3, 11 и 12 став 1 зборовите: „судскиот регистар" се заменуваат со зборовите: „регистарот на други правни лица кој го води Централниот регистар на Република Македонија".

**Член 5**

Во насловот пред членовите 54 и 62 и во членовите 54 и 62 зборовите: „судскиот регистар" се заменуваат со зборовите: „регистарот на други правни лица".

**Член 6**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 30 септември 2006 година.